# ГРАЃАНИТЕ ОДЛУЧУВААТ
# 5-ТА ФОРУМСКА СЕСИЈА ВО ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
# 15.11.2023 (среда), ВО 12 ЧАСОТ

На 15 ноември (среда), со почеток во 12 часот, во салата на општина Ранковце, ќе се одржи петата последователна сесија од буџетскиот форумски процес, кој Општина Ранковце го спроведува со цел партиципативно и одговорно практикување на локалната власт, во рамки на програмата на USAID, зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите на општините во Северна Македонија.

На претходните 4 форумски сесии, кои се реализираа во периодот на месец ноември 2022 година, граѓаните учествуваа во одредувањето на развојните приоритети на општината, кои станаа дел од Буџетот за 2023 година.

На петата (последователна) сесија, градоначалникот и општинската администрација ќе дадат отчет за реализацијата на форумските одлуки, планот и динамиката за реализација на проектите што граѓаните ги избраа како најприоритетни за оваа буџетска година.

Општина Ранковце преку спроведување на буџетски форум со партиципативно учество на граѓаните, транспарентно го изготви буџетот на општината за 2023 година.

Форумот има за цел да го зајакне граѓанското учество во процесот на одлучување на локално ниво и низ еден широко транспарентен и инклузивен начин да обезбеди одговорна алокација на буџетските средства, водејќи сметка за различните потреби и приоритети на граѓаните и граѓанките (децата, младите и старите) бидејќи сите ние сме еднакви но со различни потреби и приоритети.

Почитувани граѓани, Вашето учество и придонес во креирањето на буџетот на Општина Ранковци за оваа година беше од голема важност и интерес за општината и целата локална заедница, бидејќи никој подобро од вас самите, незнае што вам ви е најпотребно и кои се вашите приоритети и цели како и приоритетите на заедницата.

Како општина продолжуваме со транспарентно, инклузивно и партиципативно практикување на локалната власт.

Драги сограѓани го очекуваме Вашето присуство и придонес и на оваа петата последователна форумска сесија.

ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Градоначалник
Борче Спасовски

Scanned with CamScanner